**ЗАПИСНИК**
**од 42-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.12.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Наковска од ЦРМ

Г-дин Петрушевски ја отвори 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека г-дин Фетаи и г-дин Ајдини, се најавиле дека кратко ќе задоцнат на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за“ (г-дин Фетаи и г-дин Ајдини беа отсустни за време на гласањето), го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-Записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2015 година.
2. Предлог- Одлука за објавување јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Карбинци.
3. Предлог- Одлука за објавување јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Пласница.
4. Предлог-Одлука за промена на сопственичка структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово.
5. Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка: средства за хигиена.
6. Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка: службена облека и обувки за вработени лица во Агенцијата.
7. Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка за услуга од Агенција за привремени вработувања.
8. Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка: Исполнување на мерки од областа на безбедноста и здравје при работа.

9. Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка за услуга: транскодирање, сегментирање, снимање и трансфер на регионални ТВ сервиси што емитуваат програми преку дигитален терестријален мултиплекс.

10. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски, бидејќи беше настаната техничка грешка, односно материјалот по оваа точка е доставен во формат кој неможе да се прочита, предложи Предлог-Записникот од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2015 година, да се одложи за првото продолжение на 42-та седница, која ќе се одржи пред почетокот на следната наредна седница. Советот едногласно, со 5 гласа „за“ (г-дин Фетаи и г-дин Ајдини беа отсустни за време на гласањето), го прифати предлогот.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар, ја образложи Предлог- Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Карбинци. Објасни дека на ден 08.06.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставено беше писмено Барање од страна на физичкото лице Глигор Арсов од Штип, за отварање на локална радиостаница на подрачјето на општина Карбинци. Во согласност со членот 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по повод доставеното Барање, на 09.06.2015 година, Агенцијата,се обрати со писмен допис до Агенцијата за електронски комуникации, за да побара информација, дали на ова локално подрачје има слободни фреквенции. Агенцијата за електронски комуникации, на 10.07.2015 година, одговори дека „врз основа на извршена првична анализа од страна на Секторот за радиокомуникации, утврдено е дека постои можност за доделување фреквенција за емитување радио програма на територијата на општина Карбинци“. Исто така, Агенцијата за електронски комуникации достави податоци за радиофреквенција, преку која ќе се емитува радио програмата на територијата на општина Карбинци, и тоа: 96.0 MHz.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-1229 од 28.12.2015 година и со 7 гласа „за“, едногласно, донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Карбинци, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 96.0 MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија”, на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар, ја образложи Предлог- Одлука за објавување јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Пласница. Објасни дека на ден 18.05.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставено беше писмено Барање од страна на физичкото лице Едем Салифовски од с. Преглово, општина Пласница, за отварање на локална радиостаница на подрачјето на општина Пласница. Во согласност со членот 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по повод доставеното Барање, на 09.06.2015 година, Агенцијата, се обрати со писмен допис до Агенцијата за електронски комуникации, за да побара информација, дали на ова локално подрачје има слободни фреквенции. Агенцијата за електронски комуникации, на 10.07.2015 година, одговори дека „врз основа на извршена првична анализа од страна на Секторот за радиокомуникации, утврдено е дека постои можност за доделување фреквенција за емитување радио програма на територијата на општина Пласница“. Исто така, Агенцијата за електронски комуникации достави податоци за радиофреквенција, преку која ќе се емитува радио програмата на територијата на општина Пласница, и тоа: 103.0 MHz.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-1228 од 28.12.2015 година и со 7 гласа „за“, едногласно, донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Пласница, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 103.0 MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија”, на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Г-дин Трајчевски, процедурално, објасни дека и за двете конкурсни документации, и за општина Карбинци и за општина Пласница, е предвидено да се уплатат 50.000,00 денари за субјектите кои сакаат да ја подигнат тендерската документација и да конкурираат за доделување дозвола. Потенцира дека тој износ е минимален и ќе биде доволен Агенцијата само да ги покрие трошоците кои следат за објавување во два најефтини дневни весници и трошоците за објавување на двете одлуки во Службен весник на Република Македонија.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, ја образложи предложената Одлука за промена на сопственичка структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово**.**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-1197 од 28.12.2015 година и со 7 гласа „за“, едногласно, донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, со кое ќе го задолжи, по извршената промена до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, даде објаснување за Предлог-Одлуката за потреба од јавна набавка: средства за хигиена

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-7174/3 од 28.12.2015 година и со 5 гласа „за“ (г-дин Фетаи и г-дин Ајдини беа отсустни за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Средства за хигиена за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - стока: Средства за хигиена, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 6**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, даде објаснување за Предлог-Одлуката за потреба од јавна набавка: службена облека и обувки за вработени лица во Агенцијата. На прашањето од г-дин Фиданоски, дали со набавката ќе се задоволат потребите и за зимска и за летна службена облека, вклучувајќи и резервна облека, одговори дека ќе се набави неопходната службена облека и обувки за вработени лица во Агенцијата, за нивно непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-7177/3 од 28.12.2015 година и со 5 гласа „за“ (г-дин Фетаи и г-дин Ајдини беа отсустни за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Службена облека и обувки за вработени лица во Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - стока: Службена облека и обувки за вработени лица во Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, а средствата се обезбедени со

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-Одлуката за потреба од јавна набавка за услуга од Агенција за привремени вработувања. Објасни дека таа се спроведува заради обврските од Изборниот законик. Наведе дека набавката се спроведува за период од две години, бидејќи во неа ќе биде опфатена потребата од ангажирање на надворешни соработници за мониторинг и за редовните локални избори во 2017 година.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-7193/3 од 28.12.2015 година и со 6 гласа „за", едногласно, (г-дин Фиданоски најавено не беше присутен за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Агенција за привремени вработувања, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - услуга: Агенција за привремени вработувања, за период од 2 (две) години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 8**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, даде објаснување за Предлог-Одлуката за потреба од јавна набавка: Исполнување на мерки од областа на безбедноста и здравје при работа.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-7176/3 од 28.12.2015 година и со 6 гласа „за", едногласно, (г-дин Фиданоски најавено не беше присутен за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Исполнување на мерки од областа на безбедноста и здравје при работа, за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - услуга: Исполнување на мерки од областа на безбедноста и здравје при работа, за потребите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 9**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, даде објаснување за Предлог-Одлука за потреба од јавна набавка за услуга: транскодирање, сегментирање, снимање и трансфер на регионални ТВ сервиси што емитуваат програми преку дигитален терестријален мултиплекс.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-7175/3 од 28.12.2015 година и со 6 гласа „за", едногласно, (г-дин Фиданоски најавено не беше присутен за време на гласањето), даде одобрување за

спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Транскодирање, сегментирање, снимање и трансфер на регионални ТВ сервиси што емитуваат програми преку дигитален терестријален мултиплекс.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - услуга: Транскодирање, сегментирање, снимање и трансфер на регионални ТВ сервиси што емитуваат програми преку дигитален терестријален мултиплекс, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 10**

Разно.

- Г-дин Трајчевски во врска со предложениот Правилник за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објасни дека тоа претставува стандардно усогласување на правилникот со порастот на трошоците за живот во оваа година.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-7198/1 од 28.12.2015 година и со 6 гласа „за“, едногласно, (г-дин Фиданоски најавено не беше присутен за време на гласањето), донесе Правилник за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3844/1 од 08.06.2015 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, горенаведениот правилник да го објави на огласната табла на Агенцијата.

- Г-дин Петрушевски, објасни дека има Барање поднесено од Арѓенд Џелили, виш соработник во одделение за информатичка поддршка и технологии. Работникот во него наведува дека и покрај тоа што неговата магистерската теза е изработена, професорот Замир Дика, кој е ментор на неговиот труд, а истовремено и ректор на Факултетот на Југоисточна Европа, поради зголемен обем на работа, не бил во можност предадениот труд да го прегледа/одобри, како би можел да ги заврши постдипломските студии во претходно зададениот рок (најдоцна до 31-ви декември 2015 година). Во таа насока се изјасни дека го поддржува барањето на Арѓенд Џелили.

Г-дин Трајчевски, објасни дека Арѓенд Џелили, освен секојдневните работни обврски, дополнително бил ангажиран во реализација на ИПА прокетот и исто така го заменувал и раководителот на Секторот, бидејќи тој бил а и во наредниот период ќе биде отсутен поради здравствени проблеми. Од тие причини, поради зголемен обем на работа, предлага Советот да го прифати предлогот.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“, едногласно, (г-дин Фиданоски најавено не беше присутен за време на гласањето), го усвои Барањето бр.04-7214/1 од 29.12.2015

година, поднесено од Арѓенд Џелили, виш соработник во одделение за информатичка поддршка и технологии и одлучи да се продолжи рокот за завршување на постдипломските студии заклучно со 31.07.2016 година.

**Бр.02-115/1**
**05.01.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**